Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 ,120/18,110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023), Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје објавува:

Јавен оглас
за потреба од вработување на работници на неопределено време

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје, има потреба од вработување на **3** работници на неопределено време за следните работни места:

1. за работно место ,, Референт за јавни набавки,, Отсек за јавни набавки во Дирекција на Акционерското друштво - **1** работник со завршено ССС , без работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

-Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток 8.00 часот и завршеток во 16.00 часот), основна нето плата **33.543,00 денари.**

2. за работно место ",, Референт за застапување на судски предмети,, **"** во Сектор за правни и општи работи во Регионален центар Скопје на Акционерското друштво **-1** работник со завршено ВСС дипломиран правник без работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

-Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток 8.00 часот и завршеток во 16.00 часот), основна нето плата **31.719,00 денари.**

3. за работно место "Самостоен референт за тековно и инвестиционо одржување,, во Сектор за стопанисување со деловен простор во Регионален центар Кичево на Акционерското друштво **-1** работник со завршено ВСС и (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

-Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток во 8.00 часот и завршеток во 16.00 часот), основна нето плата **31.878,00 денари.**

Заинтересираните кандидати, треба да ги исполнуваат општите услови согласно закон како и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и тоа:

-да имаат завршено соодветно образование наведено за конкретното работно место и работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

Кандидатите со пријавата (со контакт телефон и адреса) во кое се наведува за кое работно место од огласот се пријавува, треба да доставаат и докази за исполнување на наведените услови и тоа:

- диплома, уверение или сведителство за завршено образование со бараната стручна подготовка (оргинал или копија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство (оргинал или копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оргинал или копија заверена на нотар);

Рокот за пријавување на кандидатите е **3 (три) работни дена** од денот на објавувањето на огласот.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Пријавата со документацијата во оргинал или копија заверена на нотар се доставува на адреса на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје – Дирекција, ул. "Стале Попов " бр. 9, мезанин, локал 5 во Скопје, препорачано преку пошта или во архивата на акционерското друштво секој работен ден од 8.00-16.00 часот.

Пријави доставени по e-mail нема да се разгледуваат.

АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје ќе изврши избор од пријавените кандидати во законски предвидениот рок (45, 90 или 120 дена) во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лица за контакт: Г.Данов, тел. 02 3233 281,076 361 386